МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

Скопје, јануари 2011 година

## ВОВЕД:

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за државната ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр.66/10 и 145/10), е уредено дека државната ревизија задолжително еднаш годишно се врши на Буџетот на Република Македонија и на буџетите на фондовите (член 23 став 1), а на другите субјекти, вклучувајќи ги и политичките партии, ревизијата се врши во рокови утврдени со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија ( членот 22).

Со цел да се зајакне надзорот и контролата над финансирањето на политичките партии и изборните кампањи се предлага Државниот завод за ревизија на редовна основа, еднаш годишно, да врши ревизија на буџетите на политичките партии. Со ова ќе се реализира препораката V од Извештајот за евалуација на Република Македонија - Трет круг на евалуација - Транспарентност во финансирањето на политичките партии.

### II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Цел на Законот е да се определи институција која ќе има водечката улога во системот на надзор и контрола над финансирањето на политичките партии и изборните кампањи. Со измената на член 23 став (1) се дефинира обврската државната ревизија задолжително еднаш годишно да се врши на Буџетот на Република Македонија, на буџетите на фондовите и на политичките партии.

Истовремено со оваа измена на Законот се реализира препораката V од Извештајот за евалуација на Република Македонија - Трет круг на евалуација - Транспарентност во финансирањето на политичките партии.

Законот се заснова на начелата и принципите на кои е заснован и донесен постојниот Закон за државната ревизија.

### III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Донесувањето на Предлог на Законот за изменување на Законот за државната ревизија ќе нема влијание врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложената измена не се потребни дополнителни средства од Буџетот на Република Македонија.

## V. УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## VI. ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ВРЗ ОСНОВА НА ОВОЈ ЗАКОН

Предлог на Закон за изменување
на Закон за државната ревизија

Член 1

Во Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2010 и 145/2010), член 23 ставот (1) се менува и гласи:

" (1) Државната ревизија задолжително еднаш годишно се врши на Буџетот на Република Македонија, на буџетите на фондовите и на политичките партии, а на другите субјекти на ревизија од член 22 од овој закон се врши во рокови утврдени со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со Законот кој се предлага се врши изменување на Законот за државната ревизија ("Службен весник на Република Македонија" број 66/2010 и 145/10) со цел да се определи институција, Државниот завод за ревизија, која ќе има водечка улога во системот на надзор и контрола над финансирањето на политичките партии и изборните кампањи.

Со членот 1 од Предлог-Законот се менува членот 23 став (1) од постојниот Закон, со кој се дефинира обврската државната ревизија задолжително еднаш годишно да се врши на Буџетот на Република Македонија, на буџетите на фондовите и на политичките партии.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата во предложената одредба се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија за изменување на Законот за државната ревизија се дефинира обврската државната ревизија задолжително еднаш годишно да се врши на Буџетот на Република Македонија, на буџетите на фондовите и на политичките партии. Државниот завод за ревизија ќе има водечка улога во системот на надзор, истрага и контрола над финансирањето на политичките партии и изборните кампањи.

ИЗВОД ОДРЕДБИ
од Законот за државната ревизија што се изменуваат

Член 23

(1) Државната ревизија задолжително еднаш годишно се врши на Буџетот на Република Македонија и на буџетите на фондовите, а на другите субјекти на ревизија од член 22 од овој закон се врши во рокови утврдени со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

(2) Државниот завод за ревизија ја доставува Годишната програма за работа до Собранието на Република Македонија,најдоцна до декември тековната година за наредната година, заради информирање.